РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАК
REPUBLIKA E MAQEDONISË
Дирекција за технолошки индустриски раз
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike

| Примено: Pranuar: | 13.12.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë | |
| 05 | 570/17-5 | | |

**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје**

**Извештај за фактичките наоди за
оценка на спроведените процедури за следење на
корисниците на државна помош по примено барање за
исплата на државна помош**

**за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година**

**СОДРЖИНА**

| | Страна |
|---|---|
| Извештај за фактичките наоди | 1 – 3 |
| Прилог 1 – Евиденција од тестирање на оценка на спроведените процедури следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата. за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година | 4 – 5 |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје**

Ги извршивме договорените постапки, договорени со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (во понатамошниот текст „Дирекцијата“), кои се однесуваат на Оценка на спроведените процедури за следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата на државна помош. Нашиот ангажман беше извршен во согласност со Меѓународниот Стандард за поврзани услуги 4400 „Ангажмани за извршување процедури за усогласеност на постапките во врска со финансиски информации“ што е во примена во Република Северна Македонија. Постапките беа извршени исклучиво за ексклузивните цели на Дирекцијата за оценка на спроведените процедури следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата во периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година.

Врз основа на договорените постапки, засновани на документацијата обезбедена од страна на Дирекцијата, констатиравме дека Дирекцијата има воспоставено интерен акт, односно Процедура за анализа, преговори и следење на договори за државна помош со архивски број 01-481/10 од 21 март 2022 година.

Процедурата го уредува начинот на доделување и следење на договорите за доделување на државна помош согласно следниот тек на настани:

*Анализа и преговори за склучување на договори за државна помош*

- Прием на писмо за намери и Деловен план, како и разгледување на Писмото за намери и анализа на Деловниот план;
- Подготвување и согласување на содржината на Предлог Договор за доделување на државна помош;
- Барање на мислењеод државната Комисија за заштита на конкуренцијата (КЗК) за предлог мерките од предлог Договорот;
- Носење Одлука од Управен одбор;
- Известување до КЗК;
- Подготовка на материјали до Влада за предлог договор за доделување на државна помош;
- Согласност и склучување на Договор за доделување на државна помош.

*Следење на договорите за државна помош*

- Прием на известувањето за реализација и проекции за тековна и идна година од корисникот
- Планирање на буџетските средства за исплата на државна помош според договорните обврски и реализацијата на договорите
- Следење на реализацијата на инвестицисиот проект и интензитетот на доделена помош
- Контрола врз исполнувањето на правата и обврските по склучените договори за доделување на државна помош
- Постапување по барање за исплата на државна помош и известување до корисникот
- Комуникација со други државни институции кои имаат ингеренции во процесот на контрола и следење на договорните обврски
- Преземање мерки и активности во случај на непочитување на договорни обврски
- Враќање на добиената помош и наплата на пенали
- Поднесување на годишен извештај до КЗК за доделена државна помош
- Раскинување на Договор

Понатаму, направивме разбирање на процесите кои Дирекцијата ги има имплементирано во делот на спроведените процедури за следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата и притоа го констатиравме следново:

Примарна одговорност за реализација на процесот за анализа, преговори и следење на државната помош и припаѓа на раководителот на сектор за државна помош и контрола на извршување на договорите и тимот од вработените во секторот за државна помош и контрола на извршување на договорите. Понатаму, друштвото кое бара да му се додели државна помош го доставува Деловниот план и писмото за намери заедно со тековната состојба од Централниот регистар до архивата на Дирекцијата. Доколку бараната помош се доделува согласно уредбата за хоризонтална помош друштвото доставува и план за реализација на проектот кон барањето за доделување на државна помош. Доколку помошта се доделува согласно Законот за финансиска подршка на инвестициите за инвестициски проекти во технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ) и индустриски зони (ИЗ) управувани од Дирекцијата, друштвото доставува Писмо за намери и деловен план во прилог кон барањето за доделување на финансиска подршка. Целокупната доставена документација преку е-деловодник ја доставува документацијата до вработените во секторот за државна помош при Дирекцијата.

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)**

Со приемот на документацијата од страна на Секторот за државна помош се разгледува дали деловниот план ги содржи сите законски елементи. Врз основа на задолжителните елементи од доставениот Деловен план (проекции и консолидирани финансиски извештаи за изминатиот период) одговорните лица во секторот вршат анализа на ниво на индивидуален корисник и се применуваат критериуми за доделување на државна помош од Матрица за оцена на погодноста на корисникот по што се доставува предлог-пакет на државна помош. Одговорните лица во секторот подготвуваат содржина и се доставува предлог договор до потенцијалниот инвеститор, базиран на анализата од доставените Писмо за намери и Деловен план за усогласување на параметрите од истиот. Потоа, одговорните лица од секторот бараат мислење од КЗК за предлог мерките од предлог Договорот.

Од страна на Управниот одбор на Дирекцијата се носи одлука за давање согласност на предлог-договорот за доделување на државна помош. Доколку помошта има елементи кои претставуваат индивидуална помош, се подготвува и испраќа известување до КЗК со предлог пакетот на мерки од предлог-договорот за доделување на државна помош. Доколку помошта се доделува согласно законот за финансиска подршка на инвестициите, за инвестициони проекти во ТИРЗ, се доставува писмен извештај до Комисијата за евалуација за доставените барања за доделување на финансиска подршка.

Врз основа на известувањето за елементи кои претставуваат индивидуална помош, Комисијата за заштита на конкуренција носи Решение за дозволеност на доделување на државна помош и го доставува до Дирекцијата. Во случај на донесено Решение од КЗК, инвеститорот доставува податоци до Дирекцијата кои претставуваат деловна тајна. Секторот за државна помош и контрола на извршување на договорите при Дирекцијата за истото ја известува КЗК. Доколку помошта се доделува согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите, за инвестициони проекти во ТИРЗ, Комисијата за евалуација доставува Извештај врз основа на што се доставува предлог договор за добивање согласност за доделување финансиска поддршка.

Потоа, до Владата на РСМ се доставува предлог за доделување на државна помош на одобрување. Владата носи одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош по чие постапување во сила се преминува кон потпишување на Договорот од страна на Директорот на Дирекцијата и официјалниот претставник на другата договорна страна. По стапување во сила на одлуката од Владата се издава Решение за започнување со работа.

Корисниците на државна помош се должни да доставуваат годишни извештаи до Дирекцијата за инвестицијата направена во претходната година со документи за докажување за времетраење на инвестицискиот проект. Годишните извештаи мора да се потврдени со ревизорски извештај. По завршување на инвестицискиот период корисникот на помошта е должен да достави завршен извештај за севкупнотот траење на инвестициониот проект кој треба да биде потврден од независна ревизорска куќа.

Планот за буџетските средства за исплата на државна помош се подготвува врз основа на договорните обврски и реализација на договорите за следната календарска година која се проследува до Секторот за финансии за понатамошно постапување и вклучување во Буџетскиот циркулар како и проследување до Министерство за финансии како предлог буџет.

Корисниците на државна помош доставуваат Образец - Барање за исплата со прилог на документација согласно Правилникот за формата и содржината на барањето за доделување на финансиска поддршка и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.181/21 и 104/22).

Вработените во секторот за државна помош ја прегледуваат и констатираат комплетноста на барањето за исплата. Преку ангажирање на надворешен консултант/ревизор се врши соодветен увид во исполнетоста на условите за исплата. По добиениот извештај од страна на надворешен консултант/ревизор за исполнетоста на условите за исплата од вработените во Секторот за државна помош се подготвува извештај за исплата која се проследува до Секторот за финансии.

Комплетниот извештај со пополнетиот дел од страна на секторот за државна помош и секторот за финансии се доставува до Директорот и членовите на Управниот одбор на Дирекцијата. Управниот одбор носи одлука за одобрување на исплатата.

Исплатата на средствата се врши од страна на Секторот за финансии врз основа на одобрената исплата од страна на Управниот одбор.

(продолжува)

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФАКТИЧКИТЕ НАОДИ

**До раководството на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)**

Ние извршивме увид на текот на настаните при реализација на средствата за исплатите на државна помош во периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година согласно воспоставените интерни процедури и утврдивме дека интерниот акт, односно горенаведената Процедура се почитува од страна на Дирекцијата.

Понатаму, преку селектиран примерок, со користење на методот на избор на примерок преку монетарни единици (Monetary Unit Sampling – MUS), во согласност со Меѓународниот Стандард за Ревизија (МСР) 530 – Ревизорски примерок, селектиравме 13 ставки од 2023 година и за истите извршивме увид и проследување до поткрепувачката документација за оценка на спроведените процедури за следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата на државна помош. Конкретно, за 2024 година извршивме увид во процедури за исплатена државна помош во вкупен износ од 526,054,468 денари (85% од вкупната популација).

Резулатите од нашите постапки се табеларно прикажани во Прилог 1 (исплати во 2024 година) кон овој Извештај, со заклучок дека не се идентификувани наоди во врска со оценката на спроведените процедури за следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата на државна помош од страна на Дирекцијата.

Бидејќи горенаведените постапки не претставуваат ниту ревизија, ниту проверка направена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија или Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка кои се во примена во Република Северна Македонија, ние не изразуваме никакво уверување во смисла на тие стандарди.

Доколку извршевме дополнителни постапки или пак извршевме ревизија или проверка на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија или Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка кои се во примена во Република Северна Македонија, можеби ќе забележевме други прашања за кои би Ве известиле.

Нашиот Извештај е наменет исклучиво за целта наведена во првиот пасус од овој Извештај и за Ваше информирање и не треба да се користи за која било друга цел или да се дистрибуира на кои било други страни.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

Јане Иванов
Овластен ревизор

Скопје
18 септември 2024 година

Прилог 1 – Евиденција од тестирање на оценка на спроведените процедури следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година

| Ред бр. | Назив на документ | Износ | Број на извод | Датум на извод | Назив на документ | Број на документ / одлука за државна помош | Корисник на државна помош | Број на документ / одлука | Износ според одлука за државна поддршка (денари) | Разлика | Број и датум на Барање за државна помош | Извештај за фактички наоди од ревизорски куќи PWC / Kreston / Grant Thornton Архивски број | Договор за доделување на државна помош / Архивски број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Одлука / Извод, Државна помош | 43,497,320 | 3 | 12-01-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1341/8 | КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 02-1341/8 | 43,497,320 | - | 03-215 од 10.07.2023 | 13-359/3 од 13.04.2023 | 13-397/9 од 05.04.2023 |
| 2 | Одлука / Извод, Државна помош | 63,716,683 | 3 | 12-01-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1680/5 | ДПТУ ЛЕАР ЦОРПОРАТИОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово | 02-1680/5 | 63,716,683 | - | 13-1509/1 од 30.10.2023 | 13-1525/18 од 13.12.2023 | 13-1490/1 од 26.10.2023 |
| 3 | Одлука / Извод, Државна помош | 66,060,867 | 3 | 12-01-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1690/6 | ДПТУ ЛЕАР ЦОРПОРАТИОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово | 02-1690/6 | 66,060,867 | - | 13-1507/1 од 30.10.2023 | 13-1525/19 од 13.12.2023 | 13-1490/1 од 26.10.2023 |
| 4 | Одлука / Извод, Државна помош | 20,057,368 | 42 | 29-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-752/7 | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид | 02-752/7 | 20,057,368 | - | 13-358/2 од 13.02.2024 | Н/П | 13-918/1 од 11.06.2018 |
| 5 | Одлука / Извод, Државна помош | 22,481,583 | 43 | 30-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-752/8 | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид | 02-752/8 | 22,481,583 | - | 13-358/3 од 13.02.2024 | Н/П | 13-1774/1 од 30.12.2019 и анекс договор 13-1608/1 од 14.12.2022 |
| 6 | Одлука / Извод, Државна помош | 42,287,713 | 44 | 31-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-752/9 | ДПТУ ТЕХНОПАНЕЛ ДОО Илинден | 02-752/9 | 42,287,713 | - | 13-603/1 од 29.03.2024 | 13-614/8 од 16.05.2024 | 13-1511/1 од 18.11.2022 |
| 7 | Одлука / Извод, Државна помош | 122,042,338 | 44 | 31-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-752/10 | ДПТУ ТЕХНОПАНЕЛ ДОО Илинден | 02-752/10 | 122,042,338 | - | 13-604/1 од 29.03.2024 | 13-614/9 од 29.03.2024 | 13-1511/1 од 18.11.2022 и Анекс договор 13-1453/1 од 17.10.2023 |
| 8 | Одлука / Извод, Државна помош | 6,614,492 | 44 | 31-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1680/10 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | 02-1680/10 | 6,614,492 | - | 13-1511/1 од 30.10.2023 | 13-1579/13 од 21.12.2023 | 13-1473/1 од 20.10.2023 |
| 9 | Одлука / Извод, Државна помош | 6,614,492 | 44 | 31-05-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1680/9 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | 02-1680/9 | 6,614,492 | - | 13-1510/1 од 30.10.2023 | 13-1579/12 од 21.12.2023 | 13-1473/1 од 20.10.2023 |
| 10 | Одлука / Извод, Државна помош | 132,681,612 | 47 | 07-06-2024 | ОДЛУКА / ДРЖАВНА ПОМОШ | 02-1680/8 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | 02-1680/8 | 132,681,612 | - | 13-1137 од 27.07.2023 | 13-1579/11 од 21.12.2023 | 13-1776/1 од 30.12.2019 и Анексдоговор 13-1430/1 од 10.10.2023 |

Прилог 1 – Евиденција од тестирање на оценка на спроведените процедури следење на корисниците на државна помош по примено барање за исплата за периодот од 1 јануари 2024 до 30 јуни 2024 година (продолжение)

| Ред бр. | Корисник на државна помош | Дали е испочитувана процедурата за анализа, преговори и следење на договорите за државна помош | Дали е доставено барање за исплата со прилог на документација согласно правилникот | Дали барањето е во согласност со правилникот | Дали е константирана комплетноста на барањето за исплата од вработените со ниven потпис | Дали износот кој е исплатен е ист со одлуките за државна помош | Дали има извештај од преглед на доставена документација кон барање за исплата од ревизор | Дали комплетниот извештај е доставен до членовите на Управниот одбор | Дали е донесена одлука од Управниот одбор за одобрување на исплатата | Дали исплатата на средствата е извршена од сектор за Финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 2 | ДПТУ ЛЕАР ЦОРПОРАТИОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 3 | ДПТУ ЛЕАР ЦОРПОРАТИОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 4 | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 5 | КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 6 | ДПТУ ТЕХНОПАНЕЛ ДОО Илинден | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 7 | ДПТУ ТЕХНОПАНЕЛ ДОО Илинден | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 8 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 9 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |
| 10 | ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ | ☑ |